АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
СУ-04-75/21
15.12.2021 година
БИТОЛА

Врз основа на член 20 и член 25 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, („Службен весник“ бр.236/18), како и член 12 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Битола СУ-01-47/2018-1 од 18.09.2019 година, известувањето од Министерството за финансии бр.18-10219/2 од 03.12.2021 година и согласноста од Судско буџетскиот совет на РМ бр.08-895/7 од 07.12.2021 година, на ден 16.12.2021 година

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА**

**објавува**

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2021**

**за вработување на 2 (две) лица на неопределено време**

1. **Судски соработник – 2 (два) извршители-шифра СУД 0101В03001**

**Посебни услови за работното место:**

**- Образование**: најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правен факултет и положен правосуден испит

**- Работно искуство**: најмалку 1 година работно искуство во струката

**Посебни работни компетенции**:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски и германски) и
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд

Битола, кандидатот треба да ги исполнува и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Работни часови неделно: 40 часа
Работно време: почеток на работно време 7:30 часот, крај на работно време 15:30 часот
Работни денови: од понеделник до петок
Основна нето плата: 25.696,00 денари
**Времетраење на работниот однос: неопределено**

Кон пријавата, кандидатите да ги приложат следните докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место, како и доказ за исполнување на посебните работни компетенции и тоа:

- Уверение/ Диплома за завршен степен на образование, во оригинал или заверено на нотар
- Уверение за положен правосуден испит
- Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, во оригинал или нотарски заверено
- Доказ за работно искуство
- Доказ за државјанство на Република Северна Македонија (не постар од 6 месеци)
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место (не постар од 6 месеци) и
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност и должност(не постар од 6 месеци).

**НАПОМЕНА**: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).**Во пријавата задолжително да се наведе кој странски јазик ќе се полага за проверка на знаење.**

Кандидатите се должни да поднесат пријава за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Во пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот, матичен број, датум и место на раѓање, припадност на заедница, адреса и место на живеење, контакт адреса , e-mail адреса и контакт телефон.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува **15 (петнаесет)** дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници .

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на интернет страницата на Апелационен суд Битола (www.asbitola.mk).

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ги достават преку пошта или во архивата на судот и истата може да се најде електронски на www.asbitola.mk или да се подигне лично од просториите на судот.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**Ул.Булевар Први Мај бр.63 Битола**
**(со назнака за Јавен оглас број - 1/21)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 35 од Законот за судска служба.

Апелационен суд Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
БИТОЛА